| | Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ЕКТС (European Credit Transfer and Accumulation System - ECTS) на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип | Ознака: ОЕКТС.ПРВ.01<br>Верзија: 02. |
|---|---|---|
| | | Страница **1** / **11** |

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПРИМЕНА НА ЕВРОПСКИОТ СИСТЕМ НА ПРЕНОС И АКУМУЛАЦИЈА НА КРЕДИТИ – ЕКТС (EUROPEAN CREDIT TRANSFER AND ACCUMULATION SYSTEM - ECTS) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**СОДРЖИНА:**

**I. Општи одредби**
**II. Опис на Правилникот**
**III. Завршни одредби**
**IV. Документи и прилози**

| | **Датум** | **Име и презиме** | **Функција** | **Потпис** |
|---|---|---|---|---|
| **Изработил** | 25.9.2018 | проф. д-р Кирил Барбареев<br>м-р Нада Донева | проректор за настава<br>секретар | с.р.<br>с.р. |
| **Одобрил** | 28.9.2018 | проф. д-р Блажо Боев | ректор | с.р. |
| Правна основа: Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/18) | | | | |
| Усвоил: Универзитетски сенат (број на седница 148., датум, 8.5.2018 и 152., датум, 28.9.2018 година) | | | | |

Овој документ е сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип и претставува деловна тајна. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ЕКТС, преминот од една на друга студиска програма, преминот од една на друга единица во состав на Универзитетот, преминот од еден на друг универзитет во државава и во странство, како и пренесувањето и признавањето на ЕКТС кредити стекнати на друга единица, односно високообразовна установа.

**Член 2**

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (во понатамошниот текст: Универзитет) реализира меѓууниверзитетска соработка и ја промовира мобилноста на студентите и интернационализацијата на својот систем на високо образование по пат на размена на студенти.

Размената на студентите може да се остварува низ програмите на меѓународна размена на студенти или врз основа на договор помеѓу Универзитетот и другите високообразовни установи во државава и во странство - ОМС.ОБ.04 *Договор за соработка*.

## II. ОПИС НА ПРАВИЛНИКОТ

### II. 1. ПОИМНИК

**Член 3**

Одделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ЕКТС (European Credit Transfer and Accumulation System - ECTS) е осмислен како единствен систем кој овозможува полесна препознатливост и споредување на различни образовни програми на универзитетите и другите високообразовни институции во државите на Европа. Целокупниот систем е базиран на поени (бодови) - кредити кои ја искажуваат оптовареноста на студентот во совладувањето на определена програма од студиите. Значи, во скратена форма „фактор на тежина“ на некој предмет или студиум, а во насока на рационализација на просторот на студиите, во Европа е јасно кажано дека за една академска година е потребно да се соберат (акумулираат) 60 ЕКТС кредита, 30 за семестар и 20 за триместар.

Примената на ЕКТС системот во универзитетската пракса овозможува мобилност на студентите во европскиот простор на високо образование, со можност за пренесување и акумулација на ЕКТС кредитите (бодовите) остварени во рамки на различни институции, со што се остварува квалитетна меѓууниверзитетска соработка и на ниво на студенти и на ниво на наставници.

ЕКТС системот претставува најдобар индикатор на профилот на студиите кои студентот ги завршил и е од огромна важност за работодавачите. Бодовите или кредитните поени (Credits) се клучни елементи на ЕКТС - системот. Тие се доделуваат на определени со студиската програма курсеви/модули/предмети, како и на сите останати форми на совладување на предвидената програма на студирање (проекти, семинари, истражувања, експериментална работа, испити, теренска работа и др.). ЕКТС кредитите претставуваат квантитативна мерка на вкупниот вложен труд на студентот во совладувањето на предвидениот обем на наставни активности и истите му се доделуваат на студентот по успешното завршување на истите.

Оптовареност на студентот (Student workload) во совладувањето на определена програма/предмет претставува релативна мерка на вкупната работа на студентот, која подразбира време кое е поминато во сите форми на настава, како и време кое е поминато во подготовка за настава, учење, работа на проекти, проектни задачи и други работи, практична работа, студиски престои во фабрики, болници, културни институции и др. Оптовареноста по одделен предмет се изразува со број на бодови во однос на вкупниот број на бодови (оптовареност) во текот на една академска година (60 бода).

Формулар за пријавување на студентот за студирање на друга високообразовна установа (Student Application Form) е документ на ЕКТС кој ги опфаќа основните податоци за студентот и матичната установа. Формуларот се пополнува во консултација со ЕКТС координаторот на матичната установа и заедно со него се приложува и нацрт - договорот за студирање и уверението за положени испити.

Договор за студирање на нематична високообразовна установа (Learning Agreement) е документ кој ја дефинира програмата на студирање за секој студент, а го потпишуваат студентот, матичната установа и установата - домаќин. Со овој Договор се обезбедува признавање на реализираната програма на установата - домаќин од страна на матичната установа. Во основа се изготвува нацрт/прелиминарен договор кој може да се менува во согласност со страните потписнички.

Уверение за положени испити (Transcript of Records) е документ кој на установата - домаќин ѝ обезбедува детални податоци за претходно реализираната програма на матичната установа (претставено по пат на ЕКТС бодови за секој предмет) и постигнатите резултати на студентот. Успехот на студентот се искажува врз основа на важечкиот систем на оценување на матичната установа и врз основа на општата скала на оценување на ЕКТС.

Пакет на информации/информатор за студиите (Information Package) претставува водич низ програмата и правилата на студирање на определена високообразовна установа, која дава комплетни информации за образовните профили, предметите/курсевите (задолжителните и изборните) и системот на студирање. Тој задолжително треба да ги содржи предметните програми, предвиденото оптоварување за нивно совладување (ЕКТС бодови) и поединости за системот на полагање на испитите и начинот на оценување. Истовремено, овој водич на заинтересираните студенти и академскиот персонал треба да им обезбеди основни информации за самата установа, условите за живот (сместување, осигурување, здравствена заштита) и други активности на Универзитетот, факултетите и нивните оддели.

Додадок на диплома (Diploma Supplement) е документ кој се приложува кон дипломата или кон друг документ за завршен одреден степен на студии со цел да се обезбеди детален увид во нивото, природата, содржината на студиите, системот и правилата на студирањето на одредена високообразовна установа. Овој документ го приготвува националната високообразовна установа која ја издава и дипломата и тој е во согласност со општиот модел на овој документ кој е прифатен на европско ниво.

Признавање на диплома/квалификација (Recognition of Diplomas/Qualification) е постапка за признавање на одредена квалификација здобиена во друг образовен систем, заедно со проценка и утврдување на еквивалентноста на дипломата (академско звање или квалификација) во однос на домашниот систем и важечката домашна номенклатура.

**Европски кредит трансфер систем - ЕКТС**
**Поим за кредит во ЕКТС**

**Член 4**

ЕКТС кредитите се нумеричка вредност (помеѓу 1 и 60) која се доделува на предметите од наставната програма за да се опише коефициентот на оптоварување на студентите при совладувањето на предвиденото градиво со предметната програма. Тие ја отсликуваат количината на работа која секој предмет ја бара во однос на вкупната количина на работа што е потребна за да се заврши цела студиска година во одредена установа, односно предавања, практична работа (вежби), семинари, консултации, работа на терен, самостојно учење - во библиотека или дома и испити или други активности на проценување на постигнатиот успех.

ЕКТС кредитите ја претставуваат целокупната работа на студентите, а не само времето поминато на предавања.

**Цели на кредит трансфер системот**

**Член 5**

Основни цели кои се постигнуваат со имплементацијата на Кредит трансфер системот се:

- зголемена мобилност на студентот на институционално, национално и меѓународно ниво;
- прецизен увид во обемот на работа и изразување на оптовареноста на студентот во процесот на студирањето;
- развивање и функционирање на механизми за перманентно следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;
- објективност во оценувањето и признавање на резултатите од студирањето;
- остварување компатибилност на студиските програми на институционално, национално и меѓународно ниво;
- воспоставување меѓународна мобилност на студентот и остварување компатибилност на студиските програми на интернационално ниво според принципите на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ЕКТС (European Credit Transfer and Accumulation System - ECTS);
- непречено пренесување на постигнувањата на студентот од една во друга установа;
- зголемена индивидуализација на текот на студирањето и создавање основи за остварување на концептот за доживотно учење.

**Примена на Кредит трансфер системот**

**Член 6**

Кредит трансфер системот се применува во остварувањето на студиските и предметните програми за:

- прв циклус на универзитетски студии,
- втор циклус на универзитетски студии,
- трет циклус на универзитетски студии - докторски студии.

## II. 2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБЕМОТ НА СТУДИИ И ОПТОВАРЕНОСТА НА СТУДЕНТОТ

**Определување на обемот на студии**

**Член 7**

Еден семестар (предавања + испитни рокови + празници) трае 20 недели, односно 12 недели предавања. Вкупниот број на работни часови на студентот во еден семестар изнесува 20 Х 40 = 800 часа.
Бројот на ЕКТС кредити што припаѓа на еден предмет во траење од еден семестар (Х) е директно сразмерен на бројот на часови (У) кои студентот ги поминува во настава по тој предмет, подготвувајќи се за настава и практични вежби, учење, проектни задачи и слично, односно Х : 30 ЕКТС кредита = У : 800 часа.

**Член 8**

При определувањето на бројот на ЕКТС кредити за одреден предмет треба да се има предвид следново:
1. Една академска година носи 60 ЕКТС кредита, а еден семестар 30 ЕКТС кредита;
2. Студентот за време на студирањето работи (учествува во наставата и консултациите, се подготвува за настава, учи, изготвува проектни задачи, проекти и сл.) како и секој друг вработен, не повеќе од 8 часа дневно, 5 дена во неделата, односно вкупно 40 часа неделно.

**Член 9**

Сите задолжителни предмети за одредена студиска програма носат одреден број на ЕКТС кредити кои се вклопуваат во максималното оптоварување на студентот.
Наставно - научните совети на единиците, односно уметничките академии на Универзитетот, донесуваат одлука за бројот, распределбата и усогласувањето на ЕКТС кредитите за задолжителните предмети.
Задолжителните се носечки предмети на препознатливоста на една студиска програма и според нив се врши усогласување со истите или слични студиски програми на други универзитети во државата и во странство.
Сите изборни предмети за одредена студиска програма носат еднаков број на ЕКТС кредити кои се вклопуваат во максималното оптоварување на студентот.
Наставно - научните совети на единиците, односно уметничките академии на Универзитетот, донесуваат одлука за бројот, распределбата и усогласувањето на ЕКТС кредитите за изборните предмети.
Изборните предмети се обезбедуваат на ниво на иста студиска програма, на ниво на иста единица на Универзитетот и од друга единица на Универзитетот.
Изборните наставни предмети сочинуваат најмалку 10%, а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредитите во студиската програма.
Универзитетот може да воведе и таканаречени вонкурикуларни, изборни или задолжителни предмети (како физичко - спортски активности, втор јазик и слично), со вкупно оптоварување во еден семестар согласно предложената предметна програма, но не повеќе од 4 ЕКТС кредита.
Изработката на дипломскиот труд/ завршниот испит се вреднува со најмногу 10 ЕКТС кредита.

**Член 10**

ЕКТС кредитите му се доделуваат само на оној студент кој ќе ги исполни условите за полагање и успешно ќе ја заврши предметната програма. Условите, што треба да ги исполни студентот за успешно завршување на предметната програма, ги утврдува единицата на Универзитетот.

**Член 11**

Ангажираноста на студентот во текот на семестарот изнесува 20 недели. Предавањата, вежбите, семинарите и другите облици на студиите кои се соодветни на специфичноста на наставно - научната област се изведуваат во рамките на семестрите - во траење од 12 недели. За подготовка за оценување и оценување се предвидени 8 недели.

Активностите во рамки на еден семестар го имаат следниов распоред:

- 6 недели предавања и учење,
- 1 недела за реализација на првиот колоквиум,
- 6 недели предавања и учење,
- 1 недела за реализација на вториот колоквиум,
- 1 подготвителна недела пред завршното оценување,
- 3 недели за завршно оценување и испити по зимскиот и летниот семестар (јануарската и јунската сесија со по два испитни рока) и 2 недели во септемврискиот испитен рок.

Наставникот по одреден предмет мора да овозможи период од најмалку 14 дена помеѓу два испитни рока за дадениот предмет.

**Член 12**

Во зимскиот семестар првиот колоквиум се реализира во втората половина од месец ноември. Вториот колоквиум се реализира во последната недела од месец декември. Завршното оценување за редовните студенти и испитната сесија за вонредните студенти во зимскиот семестар се реализира во два термина и тоа: во првиот термин во третата и четвртата недела од месец јануари и во вториот термин во првата и втората недела од месец февруари. Во летниот семестар првиот колоквиум се реализира во втората половина од месец април. Вториот колоквиум се реализира во последната недела од месец мај. Завршното оценување за редовните студенти и испитната сесија за вонредните студенти во летниот семестар се реализира во два термина и тоа: во првиот термин во првата и втората недела од месец јуни и во вториот термин во третата и четвртата недела од месец јуни. Септемвриската испитна сесија се реализира од првата до третата недела во месец септември.

За континуираното оценување, исто како и за завршното оценување, остварените резултати на студентите се објавуваат на службената веб - страница, како и на друг соодветен начин, најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот на одржаниот колоквиум, односно испит. Објавените резултати содржат целосен опис на начинот на формирање на конечната оценка. Тој опис се евидентира и во пријавата за испит.

II. 3. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНА И НАЦИОНАЛНА КОМПАТИБИЛНОСТ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

**Член 13**

При изготвувањето на студиските и предметните програми, единиците на Универзитетот треба да овозможат нивна институционална и национална компатибилност и создавање услови за премин на студентот од една на друга студиска програма во рамки на една единица, услови за премин од една на друга единица во состав на Универзитетот, како и услови за премин од единица надвор од Универзитетот, во случаи кога постојат единици кои образуваат ист или сличен профил на академски и стручни кадри, како и за премин на студентот од една единица на друга, односно на единица на универзитет во државата и во странство.

Компатибилноста од претходниот став на овој член не претставува идентичност, туку усогласеност на студиските и предметните програми помеѓу две институции кои образуваат исти или слични профили.

II. 4. НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ НА СТУДЕНТОТ

**Член 14**

Студентот напредува во текот на студирањето преку висината на остварените ЕКТС кредити.

Студентот може да запише број на предмети кои носат 30 ЕКТС кредита во семестар.

Доколку студентот презапишува предмети од претходни семестри, максималниот број на кредити е 30 ЕКТС кредита за една академска година.

**Член 15**

Евиденцијата на предмети кои се запишуваат, податоците дали се тоа повторно запишани предмети или нови предмети, како и висината на школарината се врши преку пополнување пријави од страна на студентите при запишување на предметите.

Точноста на податоците во пријавата, ја потврдува координаторот за ЕКТС на Универзитетот со свој потпис.

II. 5. МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТОТ ВО РАМКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 16**

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамки на иста единица, како и на студиска програма на друга единица, согласно процедурите за премин од една на друга студиска програма во рамки на иста единица, односно за премин од една единица на друга во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Критериумите за премин ги определува единицата во зависност од компатибилноста на студиските програми.

**Член 17**

При преминот од една на друга единица, студентот се ослободува од полагањето, односно од следењето настава по одделни предмети/испити, доколку единиците помеѓу кои се врши преминот имаат склучено договор за меѓусебна соработка или со дозвола од единицата на која се преминува, врз основа на претходен увид во содржините и бројот на ЕКТС кредити за соодветните предмети/испити што студентот ги добил во рамки на единицата од која доаѓа.

**Член 18**

Студентот има право во текот на студирањето да запише нови наставни предмети на единицата кои не се задолжителни за стекнување на определен степен на стручна подготовка, како и да запише нови наставни предмети на друга единица, со тоа што ќе се почитува одредбата за максимумот на бројот на ЕКТС кредити кои можат да се запишат.

**Член 19**

Студентите, во согласност со студиската програма, можат да запишуваат поединечни предмети на други студиски програми на Универзитетот кои не се изведуваат на матичниот факултет.

II. 6. МОБИЛНОСТ ПОМЕЃУ УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ ВО ДРЖАВАВА И ВО СТРАНСТВО

**Член 20**

Студентот може да премине од една единица на друга во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и/или од друг универзитет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип или во рамки на други високообразовни установи во државата и во странство. Критериумите за премин ги определуваат универзитетите во зависност од компатибилноста на нивните студиски програми.
За да се оствари преминувањето на студентите, универзитетите склучуваат меѓусебен Договор за соработка - ОМС.ОБ.04 *Договор за соработка*, со кој се утврдуваат условите и согласноста за премин на студентот од еден на друг универзитет.
Студент на Универзитетот, односно единица, може да реализира дел од студиската програма на друга високообразовна установа во државава или во странство (во понатамошниот текст: студент на матична установа/домашен студент) во траење од еден семестар, а најдолго два семестра, односно една учебна година. Студент од друга високообразовна установа од државава или од странство, може да реализира дел од студиската програма на Универзитетот, односно единица (во понатамошниот текст: студент - гостин) во траење од еден семестар, а најдолго два семестра, односно една учебна година, а врз база на договор склучен помеѓу универзитетите за заемно признавање на предвидените/освоените ЕКТС кредити. Студентот - гостин е со статус на редовен или вонреден студент. Неговите права, трошоците на студирање и други прашања поврзани со неговиот статус, се уредуваат со договор.

**Член 21**

Домашниот студент, односно студентот - гостин од член 20 од овој Правилник, по завршувањето на делот од студиската програма на друга високообразовна установа, ги продолжува студиите на својата матична установа и ги пренесува стекнатите ЕКТС кредити/бодови кои му се признаваат во согласност со договорот за меѓусебно признавање на ЕКТС кредитите/бодовите склучен помеѓу универзитетите, односно единиците и другите високообразовни установи.
Основен критериум за признавање на ЕКТС кредитите претставува резултатот од процесот на учење кој е дефиниран со студиската програма.
Решение за признавање на ЕКТС кредитите - ОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување од друг универзитет/од една единица на друга/од една насока на друга во рамките на*

*единицата/и признавање на испити* кои домашниот студент ги стекнал на друга високообразовна установа, донесува ректорот на Универзитетот, изготвено од страна на координаторот за ЕКТС на Универзитетот врз основа на записник од продеканот на единицата - ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава на единица*.

**Член 22**

Со договорот од член 20 од овој Правилник се регулираат меѓусебните права и обврски на високообразовните установи во насока на обезбедување на услови за студирање на студентите - гости во државата - домаќин, како што се: трошоците за сместување, исхрана, превоз, здравствена заштита и останати трошоци кои студентот - гостин ги има за време на престојот во државата- домаќин.
Договорот - ОМС.ОБ.04 *Договор за соработка* го потпишуваат ректорот на Универзитетот и овластеното лице на другата високообразовна установа.

## II. 7. КООРДИНАТОРИ НА КРЕДИТ-ТРАНСФЕР СИСТЕМОТ И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

**Член 23**

Поради давање на стручна, административна и академска поддршка на студентите на размена (домашни и студенти - гости), Универзитетот именува координатор за ЕКТС на Универзитетот. Во остварувањето на овие активности, координаторот за ЕКТС на Универзитетот, соработува со продеканите на единиците на Универзитетот.
Работните задачи на ЕКТС координаторот на ниво на Универзитетот и продеканот на единица на Универзитетот, подетално се уредуваат со општите акти на Универзитетот.

**Член 24**

Студентот има право да бара мислење и дополнителни информации од координаторите за сите прашања во врска со правилата за студирање според ЕКТС. Доколку настане проблем или дилема во толкувањето или примената на правилата на ЕКТС, продеканот на единица на Универзитетот, во консултација со секретарот, предлагаат решение за настанатите проблеми, односно по потреба се консултираат со координаторот за ЕКТС на Универзитетот. Конечно решение во врска со истото, донесува координаторот за ЕКТС на Универзитетот.

**Член 25**

Одделението за меѓународна соработка, во координација со продеканот на единицата, води евиденција за реализација на програмата, а особено за активностите и резултатите на студентите.
По завршувањето на реализацијата на предметната програма, продеканот на единицата доставува записник до Одделението за меѓународна соработка, во чии рамки се изготвува конечна одлука која ја потпишува ректорот на Универзитетот.

## II. 8. ПАКЕТ НА ИНФОРМАЦИИ/ВОДИЧ ЗА СТУДИРАЊЕ И СОРАБОТКА

**Член 26**

Во насока на давање информации на заинтересираните студенти за можностите и условите на студирање на Универзитетот, на својата службена веб - страница,

Универзитетот објавува Пакет на информации/информатор (Information Package). Пакетот на информации/информатор се објавува и на англиски јазик.

**Член 27**

Универзитетот и единиците, заради обезбедување достапност во јавноста, транспарентност и ефикасност во информирањето на постојните и идните корисници на образовни услуги, се должни Пакетите на информации да ги изработат и дистрибуираат во пишана форма преку публикации, прирачници, водичи и сл. и во електронска форма преку ЦД записи, интернет, веб - страници и сл.

Заради остварување на целосна информираност, Универзитетот обезбедува соодветна хардверска и софтверска поддршка.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Основни документи кои ја овозможуваат мобилноста на студентите и пренесувањето и признавањето на ЕКТС кредити стекнати на друга единица, односно високообразовна установа, се:

- Уверение за положени испити (Transcript of Records) и
- Додаток на диплома (Diploma supplement).

Документите од став 1 на овој член, се изготвуваат и на англиски јазик и се составен дел на овој Правилник.

**Член 29**

Содржината на Пакетот на информации е составен дел на овој Правилник.

Упатството за начинот на пресметување на ЕКТС кредитите е составен дел на овој Правилник.

**Член 30**

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото објавување.

## I. ДОКУМЕНТИ И ПРИЛОЗИ

1. ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од Продекан за настава на единица*
2. ОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување од друг универзитет/од една единица на друга/од една насока на друга во рамките на единицата/и признавање на испити*
3. ОЕКТС.ПР.01 *Процедура за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип*
4. ОМС.ОБ.04 *Договор за соработка*
5. ОМС.ОБ.05 *Одлука за признавање на активности од остварена Еразмус+мобилност*
6. ОМС.ОБ.06 *Одлука за признавање на активности од остварена Еразмус+пракса*
7. ОМС.ОБ.08 *Transcript of records*
8. ОМС.ПР.03 *Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи*

Ректор,

_____________________

проф. д-р Блажо Боев